РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1097/5
16 -08- 2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

**О д л у к а**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Фросина Ременски поради неоснованост на сомневањата за вработување на блиско лице.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1097/1 од 07.03.2019 година, бидејќи лицето Зоран Ременски, вработен во АД "Електрани на Македонија" Скопје, не е блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Пратеник на Собранието на Република Северна Македонија, Фросина Ременски.

Предметот со број 09-1097/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1097/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Зоран Ременски, во постапка за вработување во АД "Електрани на Македонија" Скопје, каде е наведено дека е блиско лице со Пратеник Фросина Ременски, по што согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, ДКСК иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за при вработувањето на лицето Зоран Ременски.

Службеното лице Фросина Ременски на ден 01.07.2019 година до Државната комисија достави изјава заверена на нотар, каде изјавува дека лицето Зоран Ременски не е дел од нејзиното семејство и не е блиско лице во смисла на член на 8 став 3 и 4, а во контекст на член 56 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ( „Службен весник на РСМ", бр.12 од 19.01.2019 година).


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 12 август 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 09- 1097/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Владимир Георгиев**

Република Северна Македонија Државна комисија за спречување на корупцијата Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk